АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31.07.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4912 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** од 15 јуни до 21 јуни 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јули 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку половина од обврската за музиката утврдена во член 92 став 4 да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 04 мај 2015 година, за непочитување на член 92 став 6 од Законот, овластеното лице од директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-767, 04.05.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван од 15 јуни до 21 јуни 2015 година, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) во целост постапил по решението**, ја отстранил извршената повреда на член 92 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во анализираната недела, во периодот од 07.00 до 19.00 часот, емитувал 2 часа 31 минута и 50 секунди народна музика и 3 часа 6 минути и 7 секунди забавна музика, што е најмалку половина од обврските за емитувана народна и забавна инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, утврдени во член 92 став 4 од Законот .

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***